# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ | Година LXIV Број 14 Куманово 29 ноември 2019 г. | Претплата за 2019 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939 |
|---|---|---|


759.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за исплата на парични средства од Буџетот на Општина Куманово со намена - хуманитарна помош за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Општина Драч - Република Албанија**

1. Се објавува Одлуката за исплата на парични средства од Буџетот на Општина Куманово со намена - хуманитарна помош за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Општина Драч - Република Албанија, Бр. 09-8596/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на вонредната седница одржана на 28 ноември 2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-8620/1
28 ноември 2019 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

760.

Врз основа на член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19) и член 21 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Куманово за 2019 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 15/18 и 2/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 28 ноември 2019 година, донесе

О Д Л У К А

**за исплата на парични средства од Буџетот на Општина Куманово со намена - хуманитарна помош за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Општина Драч - Република Албанија**

Член 1

Од средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2019 година, од Програмата АОО – Совет на Општина Куманово, ставката 413 – Тековни резерви (разновидни расходи), да се исплатат парични средства во износ од 300.000 денари, со намена - хуманитарна помош за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во збратимената Општина Драч - Република Албанија.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се искористат за набавка на прехрамбени и санитарно - хигиенски производи кои ќе бидат донирани како хуманитарна помош за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во збратимената Општина Драч - Република Албанија.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 8596/3
28 ноември 2019 година
Куманово

Совет на ОпштинаКуманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

СОДРЖИНА

**759.** Заклучок за објавување на Одлука за исплата на парични средства од Буџетот на Општина Куманово со намена - хуманитарна помош за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Општина Драч - Република Албанија..... 829

**760.** Одлука за исплата на парични средства од Буџетот на Општина Куманово со намена - хуманитарна помош за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Општина Драч - Република Албанија....................... 829